Врз основа на член 9 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.1210853/1 од 04.08.2025 наставничкиот совет на ООУ „Ацо Шопов“ Бутел, Скопје го донесува следниот:

**Кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии**

1. **Задолжително почитување на законите на Република Северна Македонија.**
2. **Достојно претставување на училиштето и градот**: За време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности учениците со своето однесување се должни достојно да го претстават своето училиште и градот .
3. **Се забранува консумирање на алкохол и други недозволени супстанции**: Строго се забранува на учениците да консумираат алкохол и други недозволени супстанции.
4. **Почитување на наставниците и водичите на екскурзијата:** Учениците за време на изведувањето на екскурзиите и излетите треба со почит да се однесуваат кон наставниците и водичите и да ги следат нивните упатства и насоки.
5. **Следење на распоредот на екскурзијата:** Учениците треба да се придржуваат кон распоредот на екскурзијата, навремено доаѓање на закажаното место за тргнување, вклучувајќи го и времето на организираните активности, посети и времето за одмор.
6. **Соодветно однесување во јавност и забрана за насилно однесување:** Учениците треба да се однесуваат со почит кон локалната заедница и локалните обичаи. Забрането е правење на бучни, несоодветни активности и насилно однесување во автобусот, на јавни простори и во просторот на сместување, како и било какви други активности и дејства со кои се нарушува јавниот ред и мир .
7. **Безбедност:** Учениците треба да бидат внимателни и да ги почитуваат сите безбедносни правила за време на екскурзијата. Ова вклучува користење на предвидените безбедносни опреми, користење на превозни средства кои се вклучени во разновидните активности и внимавање при движењето во непознати средини. **Забрането е оддалечување од групата**.
8. **Чистота:** Учениците треба да ја одржуваат околината чиста и да ги користат ќесите и контејнерите за отпадоци. Возилото за превоз треба да се одржува чисто, учениците да се грижат отпадоците да се фрлаат во ќеси наменети за отпад.

**9. Сместување:** При сместувањето во хотелските капацитети да се негува другарството, да се почитуваат редот и мирот на другите гости во хотелот.

**10. Забрана за нанесување на материјална штета:** За време на превозот и престојот треба да се внимава да не се предизвика материјална штета на превозното средство и инвентарот во сместувачките капацитети. Секоја предизвикана материјална штета ќе се надомести од страна на сторителот.

**11. Користење на технологија:** Доколку е дозволено користењето на мобилни телефони или други уреди за комуникација, учениците треба да ги користат со умереност и да не го нарушуваат распоредот или да ја попречуваат работата на водичите.

На ученикот кој за време на училишната екскурзија, излет и другите вонучилишни активности нема да го почитува Кодекот, наставничкиот совет ќе му забрани учество на наредните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и ќе предложи изрекување на педагошка мерка.

ООУ „Ацо Шопов“ Бутел, Скопје

Директор

Билјана Симоноска Антовска